| **КО Цапари** | **40,00** | **30,00** | **30,00** | **20,00** | **20,00** | | | |
| **КО Црнеец** | **50,00** | **40,00** | **30,00** | **30,00** | **20,00** | | | |
| **КО Црно Буки** | **50,00** | **40,00** | **30,00** | **30,00** | **20,00** | | | |
| **998 земја** | **50,00** | **40,00** | **30,00** | **30,00** | **20,00** | | | |
| **999 Земја** | **60,00** | **50,00** | **40,00** | **30,00** | **30,00** | | | |

Член 4

Со влегување во сила на оваа Одлука прстанува да важи Одлуката за одредување вредности на градежно-неизградено земјиште за градот Битола и селата во Општината Битола и одредување на почетните вредности на земјоделското земјиште по катастарски општини („Службен гласник на Општинта Битола“ бр. 11/08).

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-478/19
16.03.2010 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување
Урбанистички План вон населено место за изградба на
повеќенаменска зона за производни и сервисни дејности на КП.бр.1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1 КО Крклино-Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување Урбанистички План вон населено место за изградба на повеќенаменска зона за производни и сервисни дејности на КП.бр.1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1 КО Крклино-Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/18
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 13 и 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08)пречистен текст, член 17-а став 1 и 2 и член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.91/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување Урбанистички План вон населено место за изградба на повеќенаменска зона за производни и сервисни дејности на КП.бр.1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1 КО Крклино-Општина Битола**

Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за изградба на повеќенаменска зона за производни и сервисни дејности на КП.бр.1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1 КО Крклино-Општина Битола.

Границите на Урбанистичкиот План се поклопуваат со границите на КП.бр. 1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1.

Опфатот на вака предложениот Урбанистички План има површина од 1,8 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на Урбанистички План вон населено за изградба на повеќенаменска зона за производни и сервисни дејности на КП.бр.1347/1, КП.бр.1347/3, КП.бр.1346 и КП.бр.1345/1 КО Крклино-Општина Битола ќе го врши подносителот на барањето.

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-478/20
16.03.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на
Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс
(фабрика за рафинирање на масло) м.в. Винарски Пат на КП.бр.13073/1 и
КП.бр.13073/4 КО Битола -Општина Битола измени и дополнувања

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (фабрика за рафинирање на масло) м.в. Винарски Пат на КП.бр.13073/1 и КП.бр.13073/4 КО Битола -Општина Битола измени и дополнувања, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/19
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 13 и 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) пречистен текст, член 17-а став 1 и 2 и член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 91/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување наУрбанистички План вон населено место за стопански комплекс (фабрика за рафинирање на масло) м.в. Винарски Пат на КП.бр.13073/1 и КП.бр.13073/4 КО Битола -Општина Битола измени и дополнувања**

Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (Фабрика за рафинирање на масло) м.в Винарски Пат на КП.бр.13073/1 и КП.бр.13073/4 КО Битола -Општина Битола измени и дополнувања.

Границите на Урбанистичкиот План се:поклопуваат со границата на КП.бр. 13073/1 и КП.бр. 13073/4.

Опфатот на вака предложениот Урбанистички План има површина од 1,20 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на Урбанистички План вон населено за стопански комплекс-фабрика за (рафинирање на масло ) м.в. Винарски Пат на КП.бр.13073/1 и КП.бр.13073/4 КО Битола -општина Битола измени и дополнувања. ќе го врши подносителот на барањето.

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-478/21
16.03.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка
Планска документација за КП.бр.12290 на ул „Питу Гули„ бр.12 Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за КП.бр.12290 на ул „Питу Гули„ бр.12 Битола , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/20
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.24/08), член 26 (член 50-а ) од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.91/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за КП.бр.12290 на ул „Питу Гули„ бр.12 Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА** од изработување на Локална урбанистичка планска документација за КП.бр.12290 на ул „Питу Гули“ бр.12 Битола.

Границата на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на градежната парцела КП.бр.12290 на ул „Питу Гули“ бр.12 Битола согласно ДУП „Централно Градско подрачје 2 дел“ Битола со површина од 494 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-478/22
16.03.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка
Планска документација за градежна парцела 46
согласно ДУП „Северо Источна Стамбена Зона Урбан Блок А"
Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за градежна парцела 46 согласно ДУП „Северо Источна Стамбена Зона Урбан Блок А" Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-582/21
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.24/08), член 26 (член 50-а ) од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр. 91/09), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за градежна парцела 46 согласно ДУП „Северо Источна Стамбена Зона Урбан Блок А“ Битола

### Член 1

**СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА** од изработување на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела **46** согласно ДУП „Северо Источна Стамбена Зона Урбан Блок А“Битола.

Границата на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на градежната парцела **46** од ДУП „Северо Источна Стамбена Зона Урбан Блок А“ Битола со површина од 408 м2.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-478/23 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 16.03.2010 год. | на Советот на Општината Битола |
| Битола | Лилјана Кузмановска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка
Планска документација за градежна парцела 35
согласно ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Урбан Модул 14“
Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за градежна парцела 35 согласно ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Урбан Модул 14“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/22
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.24/08), член 26 (член 50-а ) од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.91/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за градежна парцела 35 согласно ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Урбан Модул 14„ Битола

### Член 1

**СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА** од изработување на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела **35** согласно ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Урбан Модул 14“ Битола.

Границата на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на градежната парцела **35** од ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Урбан Модул 14“ Битола со површина од 196 м2.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-478/24
16.03.2010 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
изменување и дополнување на Одлуката за организацијата,
делокругот и начинот на извршување на задачите на
општинската администрација на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/23
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" 5/02), член 72 од Статутот на Општината Битола (,,Службен гласник на Општината Битола,, 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 16.03.2010, донесе

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот, и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Битола бр. 07-364/3 од 25.02.2008г (,,Службен гласник на Општината Битола" бр. 4/08) и бр.07-2611/4 од 27.08.2008 (,,Службен гласник на Општината Битола,, бр. 14/08) и тоа во членот 8 став 1 т. 2 Секторот за буџет и финансии и администрирање на приходи се менува и гласи:

,,2.Сектор за финансиски прашања
Во чиј состав се:
а) Одделение за планирање и извршување на буџетот
б) Одделение за сметководство
в) Одделение за администрирање на приходи
г) Одделение за јавни набавки ,,

**Член 2**

Во членот 8 став 1 т. 3 Секторот за urbanизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште се менува и гласи:

,,3. Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Во чиј состав се:
а) Одделение за спроведување на урбанистички планови
б) Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
в) Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Член 3**

Во членот 8 став 1 т. 6 (б) Одделението за ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и финансиска ревизија се менува и гласи:

,,б) Одделение за ревизија на успешност во работењето (извршувањето) , финансиска ревизија и ИТ ревизија,,

**Член 4**

Членовите 12, 13, и 14 се менуваат и гласат:

,,член 12

**2.Сектор за финансиски прашања**

ги врши следните надлежности:

- следи прописи од обласла на финансиското, сметководственото и материјалното работење, јавни набавки, како и администрирање на приходи и ги применува;
- изготвува предлог Буџет, стратешки план, завршна сметка, и други општи и поединечни акти од негова надлежност ;
- координирање на процесот на развој , воспоставување , спроведување и одржување на финансиското управување и контрола

- задолжително давање на мислење по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони облици кои имаат или можи да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот

- изготвување на план за воспоставување на финансиско управување и контрола како и методологија за спроведување на планот

-изработување на годишен финансиски извештај од член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиски контрола

- контрола на извршувањето на буџетот, и извршувањето на утврдените политики и оперативно управување,

- контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот односно финасискиот план пред преземање на обврските

- изготвување на планови за одобрување на буџетот, анализа на планирани активности, приходи и расходи, финансиско планирање,
- изготвување на квартални извештаји,
- консолидација на плановите на локалните јавни установи, како и контрола на пресметките за плата во локалните јавни установи,
- следење на реализација на договорите за јавните набавки и спроведување на ex ante и ex post финансиска контрола – вршење контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки испратници)
- спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот-финансиски план и подготвување на годишна сметка (биланс на состојба , биланс на приходи и расходи, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување, и образложение кон финансиските извештаи)
- сметководствено евидентирање на основните средства на субјектот евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски
- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојбата
- ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствени процеси
- проверка на влезно-излезни фактури, книжење,
- врши евиденција на основни средства , фактурирање на побарувања од закуп,
- поднесување на годишна даночна пријава,
- врши пресметка на плата и надоместоци и нивна евиденција,изготвува документација за регулирање на работен стаж
- дава мислење на актите од аспект на нивната законитост ;
- дава стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки;
- врши планирање на приходи , нивно утврдување и наплата;
- води евиденција на даночни обврзници;

- води регистар на недвижен и подвижен имот со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина и вредност;
- врши усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со состојбата на недвижности во геодетската управа;
- спроведува постапка за присилна наплата на локални даноци и такси ;
- ја следи проблематиката во областите на својата надлежност , врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

**Член 13**

**2.А. Одделение за планирање и извршување на буџет**

- ги врши следниве работи:

- следење на законите и подзаконските акти и прописи од обласа на буџетот, неговото извршување , и нивна доследна примена;

- изготвување на предлог -буџетот, стратешкиот план, како и измена и дополнување на буџетот

- координирање на процесот на развој , воспоставување , спроведување и одржување на финансиското управување и контрола

- задолжително давање на мислење по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони облици кои имаат или можи да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот

- изготвување на план за воспоставување на финасиско управување и контрола како и методологија за спроведување на планот ,

-изработување на годишен финансиски извештај од член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиски контрола

- контрола на извршувањето на буџетот, и извршувањето на утврдените политики и оперативно управување,

- контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот / финасискиот план пред преземање на обврските

- изготвување на планови за одобрување на буџетот, анализа на планирани активности, приходи и расходи, финансиско планирање,

- изготвување на квартални извештаји,

- консолидација на плановите на локалните јавни установи, како и контрола на пресметките за плата во локалните јавни установи,

- изготвува општи и поединечни акти од негова надлежност ; дава мислење на актите од аспект на нивната законитост,

- ги следи состојбите, предлага мерки за нивно унапредување , врши и други работи што ќе му бидат доверени од надлежниот орган.

**Член 14**

**2.Б.Одделение за сметководство**

ги врши следниве работи:

- следење на законите и подзаконските акти и прописи од областа на сметководство; материјално-финансиското, книговодствено работење и нивна доследна примена;
- следење на реализација на договорите за јавните набавки и спроведување на ex ante и ex post финансиска контрола – вршење контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки испратници)
- Спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот-финансиски план и подготвување на годишна сметка (биланс на состојба , биланс на приходи и расходи, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување, и образложение кон финансиските извештаи)
- Сметководствено евидентирање на основните средства на субјектот евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски
- Заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојбата
- Ex ante сметководтвена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствени процеси
- изготвува периодична пресметка и завршна сметка;
- врши финансиско и материјално книговодство;
- проверка на влезно-излезни фактури, книжење,
- врши евиденција на основни средства , фактурирање на побарувања од закуп,
- врши пресметка на плата и надоместоци и нивна евиденција,изготвување документација за регулирање на работен стаж,
- изготвува општи и поединечни акти од негова надлежност; дава мислење на актите од аспект на нивната законитост ;
- изготвување прегледи,
- ги следи состојбите, предлага мерки за нивно унапредување , врши и други работи што ќе му бидат доверени од надлежниот орган.„

**Член 5**

Во членот 16 зборовите „3 Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште„ се менува и гласи:

„ 3. Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште“.

**Член 6**

Член 17 се менува и гласи :

„член 17

**3.А.Одделение за спроведување на урбанистички планови**

- ги следи законските и подзаконски акти од областа на урбанизмот и градежништвото и истите ги применува; дава мислење на актите од аспект на нивната законитост ;
- изготвува, реализира и води постапка за донесување на општи и поединечни акти од негова надлежност (решенија, одобренија, изводи од урбанистички планови , протокол,локациски услови) ;
- врши заверка на проекти од своја надлежност
- изготвува и реализира одлуки, програми и други акти од надлежната област,
- ја следи состојбата, предлага мерки за нејзино унапредување, врши и други работи што ќе му бидат доверени од надлежниот орган.

**Член 7**

После член 17 се додава нов член 17а кој гласи:

**„член 17а**

**3.Б.Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина**

- ги следи законските и подзаконски акти од областа на урбанизмот ,просторното планирање и заштита на животната средина и природата и истите ги применува; дава мислење на актите од аспект на нивната законитост ;
- изготвува, реализира и води постапка за донесување на општи и поединечни акти од негова надлежност (решенија, стручни мислења) ;
- организира и спроведува постапка за изготвување и донесување на урбанистички планови; покренува иницијативи и врши обработка на добиени иницијативи за изменување и дополнување на урбанистички планови стручно следење на степенот на реализација на урбанистичките планови ;
- врши проценка води управна постапка за прифаќање на елаборати за животна средина и Б – интегрирани дозволи и превзема мерки за заштита и спречување од загадување на водата , воздухот, земјиштето,заштита на природата, заштита од бучава и јонизирачко и нејонизирачко зрачење;
- изготвува и реализира одлуки, програми и други акти од надлежната област,
- ја следи состојбата, предлага мерки за нејзино унапредување , врши и други работи што ќе му бидат доверени од надлежниот орган. „

**Член 8**

Во членот 18 зборовите „3 б) Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште„ се заменуваат со зборовите „3 в) Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште„

**Член 9**

Во членот 23 после втората алинеа се додава нова алинеа:

„ врши инспекциски надзор во областа на домувањето„

**Член 10**

Членовите 26, 27, 28 се менуваат и гласат:

„член 26

**6.Сектор за внатрешна ревизија:**

- врши внатрешна ревизија на системите за внатрешна контрола; ревизија на усогласеност (регуларност); ревизија на успешност во работењето (извршувањето) , финансиска ревизија, како и ИТ ревизија согласно закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии,
- ги следи промените на релеватните закони и тековниот развој на меѓународните и националните прописи во областа на ревизијата и сметководството;
- врши процена на усогласеноста на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските , интерните акти и договори
- врши темелна процена на функционирање на системот за внатрешна контрола;
- врши известување на Раководителот на субјектот за сите ревидирани прашања кај ревидираниот субјект
- врши процена на економичноста , ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми на субјектот;
- врши темелна проценка на работењето на информативно технолошките системи;
- врши процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;
- врши давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот ,
-изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик , извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следењето на нивното спроведување;
- врши изготвување на извештаи од извршените ревизи
- врши следење на спроведување на мерките преземени од раководителот на субјектот врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;
- врши изготвување на упатство за работа и повелба за внатрешна ревизија, како и информирање на раководителот на субјектот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;
- врши известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;
- врши изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;
- врши изготвување на план за обука на внатрешните ревизори и следење на нивна имплементација
- други работи од областа на внатрешната ревизија.

член 27

**6.А Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност)**

- врши внатрешна ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност) согласно закон и со системот и процедурите за

внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии,
- ги следи промените на релеватните закони и тековниот развој на меѓународните и националните прописи во областа на ревизијата и сметководството;
- врши процена наусогласеноста на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските , интерните акти и договори
- врши темелна процена на функционирање на системот за внатрешна контрола;
- врши известување на Раководителот на субјектот за сите ревидирани прашања кај ревидираниот субјект;
- врши давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот , изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик , извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следењето на нивното спроведување;
- врши изготвување на извештаи од извршените ревизи
- врши следење на спроведување на мерките преземени од раководителот на субјектот врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;
- врши изготвување на упатство за работа, како и информирање на Раководителот на субјектот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;
- врши известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;
- врши изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;
- врши изготвување на план за обука на внатрешните ревизори и следење на нивна имплементација
- врши други работи од областа на внатрешната ревизија доверени од надлежниот орган.

**Член 28**

**6.Б Одделение за ревизија на успешност во работењето (извршувањето), финансиска ревизија и ИТ ревизија**

- врши внатрешна ревизија на успешност во работењето (извршувањето) финансиска ревизија како и ИТ ревизија, согласно закон и системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии,
- ги следи промените на релеватните закони и тековниот развој на меѓународните и националните прописи во областа на ревизијата и сметководството;
- врши процена на економичноста , ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми на субјектот;
- врши темелна проценка на работењето на информативно технолошките системи;

- врши процена на соодветноста , економичноста , ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;
- врши давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот , изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик , извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следењето на нивното спроведување;
- врши изготвување на извештаи од извршените ревизи
- врши известување на Раководителот на субјектот за сите ревидирани прашања кај ревидираниот субјект
- врши следење на спроведување на мерките преземени од раководителот на субјектот врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;
- врши изготвување на упатство за работа , како и информирање на Раководителот на субјектот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;
- врши известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;
- врши изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;
- врши изготвување на план за обука на внатрешните ревизори и следење на нивна имплементација
- врши други работи од областа на внатрешната ревизија доверени од надлежниот орган.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила 8 миот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе се применува по добиената писмена согласност од страна на Агенцијата за државни службеници.

Бр.07-478/25
16.03.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
определување висина на благајничкиот максимум

1. Ја објавувам Одлуката за определување висина на благајнички максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/24
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002 година), член 70 од Статутот на Општината Битола (Службен гласник на општина Битола бр 10/2005 година), и член 7а од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.03.2010 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за определување висина на благајнички максимум

### Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари.

### Член 2

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува до 100.000,оо денари.

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната во девизни средства изнесува до:

- 3.000 АО евра
- 3.000 ЕО евра
- 3.000 ДО евра

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајната изнесува 200.000 денари.

### Член 3

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 100 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

### Член 4

Условите и начинот на наплата, како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

### Член 5

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување висината на благајничкиот максимум („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 01/08).

### Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-478/26
16.03.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
разрешување и именување на член во
Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.03.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-582/25
19.03.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 16.03.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на член во
Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Се врши измена во Решението за именување на членови во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 11/09) и се разрешува Сузана Станковска, ул. „Кузман Јосифовски“ бр. 13-б, а на нејзино место се именува Томе Крстевски, од Битола, ул. „Црвена Вода“ бр. 20, ВСС, маш.инж.

2. Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-478/27
16.03.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска